AUSTRALIAN COMMISSION ON SAFETY AND QUALITY IN HEALTH CARE

MedicineInsight

# Оваа клиника по општа пракса учествува во MedicineInsight

**Ве молиме прочитајте го овој информативен лист бидејќи во него се дадени подробности за MedicineInsight и за вашата вклученост.**

## Што е MedicineInsight?

MedicineInsight е национална програма на податоци за здравствена нега, водена од Австралиската комисија за безбедност и квалитет на здравствената нега (Комисија) во партнерство со клиники по општа пракса ширум Австралија. Програмата е финансирана од Министерството за здравство и нега на стари лица на Австралиската влада и има добиено етичко одобрение од Royal Australian College of General Practitioners (RACGP) (Референтен број: 23-171).

Повеќе информации за Комисијата може да најдете на www.safetyandquality.gov.au

## Кои информации собира MedicineInsight?

MedicineInsight собира информации на пациенти од медицинската документација што оваа клиника ги чува и праќа на безбедна база на податоци во Австралија. Тие информации се комбинираат со податоци од други клиники по општа пракса ширум Австралија заради создавање на база на податоци. Информациите што клиниката ги праќа во таа база на податоци не идентификуваат – што значи дека не содржат имиња или кои било лични информации врз основа на кои може да се идентификува пациентот. Таа база на податоци ѝ овозможува на Комисијата да споредува и открива трендови во дијагнози, третмани и исходи на пациенти во клиники по општа пракса на национално ниво.

Кога некоја клиника по општа пракса ќе се вклучи во програмата, MedicineInsight инсталира во компјутерскиот систем на клиниката алатка за извлекување на податоци. Таа алатка работи со клиничкиот софтвер на клиниката по општа пракса за да отстрани лични информации од медицинската документација на пациентот, како што се името, адресата и датумот на раѓање. Тој процес е познат како деидентификација и ги префрлува информациите во неидентификуван формат пред да бидат пратени во безбедна австралиска база на податоци заради користење од страна на Комисијата.

Неидентификуваните информации што клиниката ги праќа во базата на податоци на MedicineInsight се:

- возраст, пол, род и поштенски број
- дали пациентот се идентификува како Абориџин и/или Островјанин од Теснецот Торес
- медицинска историја (на пример, состојби, алергии, постапки, тежина)
- информации за здравствена нега како што се лекови, медицински тестови, вакцини и упати.
- фактори на животен стил како што се пушење и консумирање алкохол
- чувствителни и состојби што се пријавуваат како што се хепатит Ц и човечки вирус на недостиг на имунитет (HIV).

Само на овластени лица од Комисијата им е дозволен пристап до информациите што се чуваат во базата на податоци на MedicineInsight. Вашата клиника и Комисијата соработуваат во преземањето разумни чекори за да осигураат дека информациите собрани за вас се користат и чуваат на начин што е безбеден, сигурен и во согласност со политиката за приватност.

Копија на политиката за приватност на Комисијата може да се најде на: www.safetyandquality.gov.au/about-us/governance/privacy-policy. Вашата клиника исто така може да ви даде копија на нивната политика за споделување на информации.

## Како MedicineInsight ги користи собраните информации?

Програмата MedicineInsight ги користи овие информации за да прати повратни информации на клиниките по општа пракса и на индивидуални лекари по општа пракса, за да им помогнат да го подобрат начинот на кој ја користат здравствената технологија, лековите и медицинските тестови. Тоа му помага на вашиот лекар да ви даде најквалитетна здравствена нега.

Исто така, Комисијата ги комбинира тие информации во национални извештаи што ги предава на Министерството за здравство и нега на стари лица на Австралиската влада. Во овие извештаи може да бидат вклучени информации за:

- безбедноста, користењето и препишувањето на лекови, вакцини и медицински направи или тестови
- користењето и пристапноста на здравствени служби од страна на специфични групи како што се Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес, луѓето со когнитивна попреченост или интелектуална неспособност и/или луѓето во оддалечени и рурални локации
- лекувањето на хронични состојби (како што се дијабетес, астма и рак) и инфекции (како што се инфлуенца, коронавирус, хепатит Ц и човечки вирус на недостиг на имунитет (HIV).

Овие извештаи се користат за да се развијат национални политики и програми кои ќе им помогнат на луѓето ефикасно да добиваат и користат лекови. Тие исто така ги идентификуваат областите на потреба во примарната здравствена нега и здравје на населението, заради зголемување на безбедноста и квалитетот на здравствената нега укажана на пациентите. Исто така, Комисијата ги користи податоците на MedicineInsight заради преземање на ревизија, обука, процена и/или активности за подобрување на квалитетот, заради валидација на точноста и веродостојноста на собраните податоци.

Податоците на MedicineInsight исто така може да бидат дадени на избрани трети страни (на пример, владини одделенија, организации финансирани од владата, непрофитни организации и истражувачки институти) за цели во врска со информирање на политиката на примарна нега, иницијативи за јавно здравје, истражување и давање услуги. Сите барања за користење на MedicineInsight подложат на процес на внатрешна ревизија и одобрување, што вклучува процена на приватноста, доверливоста и на безбедносните стандарди и определувањето на корисност за јавното добро и општата пракса.

Сите проекти на трети страни кои ги користат податоците на MedicineInsight, мора да имаат одобрение за етика и се даваат само со податоци што не откриваат идентитет. Понекогаш овие трети страни може да сакаат да ги поврзат податоците на MedicineInsight со други различни извори на податоци (на пример, болнички записи или едукациски записи). Овој процес е познат како поврзување на податоци и го применуваат трети страни за да им помогне подобро да ги разберат искуствата на пациентите во различни здравствени услови, со цел да придонесат за подобрување на негата на пациентите.

Комисијата се обврзува да биде транспарентна со потрошувачите (пациентите) за видот на проектите кои земаат податоци од MedicineInsight. Јавен регистар на одобрени проекти можете да најдете на https://www.nps.org.au/medicine-insight/approved-projects-using-medicineinsight-data

## Дали јас одлучувам дали клиниката по општа пракса ќе ги праќа моите информации на програмата MedicineInsight?

Клиниката по општа пракса автоматски ќе ги праќа на MedicineInsight вашите податоци кои не откриваат идентитет, освен во случај ако ѝ речете на клиниката дека не сакате податоци да бидат пратени.

Учеството во собирањето податоци за MedicineInsight е на доброволна основа и може да го откажете во секое време, од која било причина. Ниедна одлука што ќе ја донесете нема да влијае на стандардот на негата што ви се укажува сега или во иднина, или на вашиот однос со вашиот доктор.

Ако не сакате оваа клиника по општа пракса да ги праќа на MedicineInsight вашите податоци што не идентификуваат, можете да се повлечете од програмата.

Ве молиме побарајте во клиниката да пополните формулар за откажување на учеството во MedicineInsight и речете дека сакате да се повлечете (opt out) од програмата. Пополнетиот формулар ќе остане во оваа клиника и нема да биде споделен со Комисијата.

Кога ќе се повлечете од програмата, клиниката ќе престане да ги праќа вашите информации на базата на податоци на MedicineInsight. Ако отидете во друга клиника по општа пракса која исто така учествува во програмата MedicineInsight, ќе треба процесот на повлекување да го повторите и во таа клиника.

## Како може да дознаам повеќе за MedicineInsight, ако имам прашања?

Повеќе информации може да побарате на рецепцијата на клиниката или од вашиот доктор. Персоналот на Комисијата е исто така на располагање да одговори на сите прашања преку подолу наведените податоци за контакт.

За повеќе информации скенирајте го QR кодот подолу или јавете се на 1300 721 726. Исто така може да пратите имејл на QUM Customer Service на qumcustomerservice@safetyandquality.gov.au

